Република Северна Македонија

# ОПШТИНА ЖЕЛИНО

# СТАТУТ

НА ОПШТИНА ЖЕЛИНО

**(Пречистен текст)**

**2019**

# СОДРЖИНА

**I.** **О**
**СНОВНИ ОДРЕДБИ**

а) М
еѓуопштинска соработка

**II.** **Н**
**АДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА**

1. С
амостојна надлежност:
2. Н
адлежност согласно начелото на супсидијарност:
3. Д
елегирана надлежност:

**III.** **О**
**РГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА**

**1.** **С**
**овет на општината**
а) К
онституирање на Советот
б) П
рава и должности на членовите на Советот
в) П
ретседател на Советот
г) Н
ачин на работа
д Вонредна седница на советот

**1.1.** **О**
**рганизација и работа на комисиите на општината**
а) К
омисии на Советот
б) С
остав, избор и начин на работа на комисиите
в) Н
адлежност на комисиите

**1.2. Посебни тела на општината**

а.) Комисија за односи меѓу заедниците
б.) Совет за заштита на потрошувачите
в.) Партиципативно тело од областа на урбанизмот

**2. Градоначалник на општината**

**3. Општинска администрација**

**IV. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА**

а) Општи акти
б) Поединечни акти

**V. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

а.) Информирање на граѓаните
б.) Слободен пристап до информациите од јавен карактер

**VI. ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНАТА**

а.) Граѓанска иницијатива
б.) Собир на граќани во општината
в.) Референдум
г.) Јавни трибини, анкети и предлози

**VII. СОПСТВЕНОСТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА**

а) Сопственост

б) Ф
инансирање

**VIII. М**
**ЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА**

**IX. Н**
**АЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА**

**X. У**
**ПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ И ПИСМАТА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО**

**XI. Н**
**АЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА**

**XII. З**
**АШТИТА НА ОПШТИНАТА**

**XIII. П**
**ОСТАПКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА**

**XIV. П**
**РЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РСМ“ бр.5/02) и член 21 од Законот за територијална организација на локалната самоуправа (“Службен весник на РСМ“ бр.55/04), Советот на Општината Желино на седницата одржана на ден 04.07.2019 година донесе:

**СТАТУТ**
**на Општината Желино**

**(Пречистен текст)**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Општината Желино (во понатамошниот текст општината) е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку преставници на граѓаните во органите на општината и со непосредно учество во одлучувањето.

**Член 2**

Граѓаните не Република Северна Македонија кои имаат постојано место на живеење на подрачјето на општината, се жители на Општина Желино.

Подрачјето на општината е утврдено со закон и ги опфаќа подрачјата на населените места: Горна Лешница, Долна Лешница, Групчин, Добарце, Желино, Копачиндол, Ларце, Луковица, Мерово, Ново Село 1, Озормиште, Палатица, Рогле, Седларево, Стримница, Требош, Церово и Чифлик.

**Член 3**

Општината е правно лице.

**Член 4**

Седиштето на Општината е во населеното место Желино.

**Член 5**

Општината има право на сопственост.

**Член 6**

Општина Желино има грб кој е во форма на заштитник, во кое се покажува конфигурацијата на теренот, во кое на средина се наоѓа културо-историски монумент од средниот век со мостот кој ги поврзува двете страни од територијата на општината.

**Член 7**

Општината Желино има знаме која е тробојна во форма на правоаголник со однос наширината и должината 1:2.

Во левата страна е поставен грбот на општината во големина од 50 цм.

Основната боја е жолтата и на крајот две траки црна и црвена во ширина од по 15 цм.

**Член 8**

Општина Желино има единствен печат во тркалезна форма со пречник од 3 (три) сантиметри, во чија средина се наоѓа грбот на општина Желино над и под кој пишува "Желино", на македонски и на албански јазик, а на рабовите е испишан текстот "Република Северна Македонија-Општина Желино " на македонски и албански јазик.

**Член 9**

Општината има свој празник.

Празникот на општината е 18 декември, денот наконституирањет на првото повекепартиско собрание на општина Желино.

**Член 10**

Во општината се востановуваат општински признанија и награди.

Признанијата се доделуваат во знак на признание за постигнати остварувања што претставуваат посебен придонес за развој на општина Желино и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во областа на економскиот развој, науката, уметноста, културата,

образованието, здравствената заштита, социјалната заштита, спортот, заштита и унапредување на животната средина и природата како и во други области.

Наградите се доделуваат на физички и правни лица од општината, Република- та, други држави, меѓународни органи- зации и асоцијации или претставници.

**а) М еѓуопштинска соработка**

**Член 11**

Заради заштита и унапредување на заедничките интереси, општината, со одлука донесена од страна на Советот на Општината, може:

1. Д а се здружува во здруженија во согласност со закон.

2. Д а донесе одлука, со други општини од Републиката да здружува средства и да формира заеднички јавни служби, заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од нивна надлежност, во согласност со закон.

3. С о спогодба со други општини, да формираат заеднички административни тела во одредени области заради извршување на одделни надлежности, во согласност со закон.

**Член 12**

Општината донесува одлука за соработка со општините од Републиката, со единици на локална самоуправа од други земји, како и со меѓународни организации на локални заедници и на локални власти.

Општината може да членува во меѓународни организации на локалните власти.

**Член 13**

Советот на Општината, заради заштита и унапредување на заедничките интереси со другите општини, донесува одлука општината да се здружи во Здружение на општини на РСМ.

## II. НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

**Член 14**

Општината ги има следните надлежности:

**1. Самостојна надлежност:**

Општината самостојно, во рамките на законот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење утврдени како надлежност на општината со член 22 од Законот за локалната самоуправа, уредени со законите кои ги регулираат областите кои се надлежност на општината, и одговара за нивното извршување.

**2. Надлежност согласно начелото на супсидијарност:**

Општината, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, има право на своето подрачје да спроведува иницијативи во врска со сите прашања од значење за општината што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Определувањето на работите од точка 2 на овој член, дефинирањето на нивната содржина, начинот и постапката на нивното вршење се уредуваат со посебни одлуки на Советот, на предлог на Градоначалникот.

**3. Делегирана надлежност:**

Општината врши и други работи кои и се доверени со закон, во кој се определуваат и изворите на финансирање за нивното вршење.

Контролата на извршувањето на делегира- ната надлежност ја врши органот кој делегира надлежноста.

**Член 15**

Работите од членот 13 на овој Статут, се уредуваат со акти на Советот на Општината, во согласност со постапките и стандардите утврдени со закон.

## III. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### 1. Совет на општината

**Член 16**

Советот на општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на Општината го сочинуваат 19 претставници на граѓаните, избрани на општи непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

#### а) Конституирање на Советот

**Член 17**

Конституирањето на Советот се врши со верификација на мандатот на избраните членови на Советот и со давање и потпишување на свечена изјава која гласи:

"Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, актите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Северна Македонија".

Постапката за верификација на мандатите на членовите на Советот поблиску се уредува со Деловникот за работа на Советот на Општина Желино.

**б) П рава и должности на членовите на Советот**

**Член 18**

Членот на Советот има права и должности утврдени со закон и со овој Статут, а со кои се стекнува откако му е верифициран мандатот.

Права и должности на членот на Советот се:

- да предлага претресување на прашања, појави и состојби што се од локално значење за граѓаните во општината;

- да иницира донесување на одлуки и други акти од надлежност на Советот, како и да предлага амандмани;

- да бара од општинската администрација, јавните служби и установи основани од општината податоци и други информации за прашања што се од надлежност на Советот;

**в) Претседател на Советот**

**Член 19**

Советот на Општината избира претседател од редот на членовите на Советот, со мандат од 4 ( четири ) години.

**Член 20**

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање, со мнозинство членови од вкупниот број членови на Советот.

Предлог за претседател на Советот може да даде Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања и секој член на Советот.

Изборот на претседателот на советот може да се изврши и со тајно гласање, доколку за таков предлог на член на Советот се одлучи со мнозинство од присутните членови на Советот.

Постапката за избор на претседател на Советот со тајно гласање се уредува со Деловникот на Советот.

**Член 21**

Претседателот на Советот ги свикува и раководи седниците на Советот на Општината, се грижи за организацијата и работата на Советот, ги потпиешува актите што ги донел Советот и во рок од 3 (три) дена од денот на нивното донесување ги доставува на Градоначалникот заради објавување.

**г) Начин на работа**

**Член 22**

Советот на Опшината ги врш  работите определени како негова надлежност согласно член 36 од Законот за локалната самоуправа, како и работите утврдени како надлежност на Советот со посебните закони кои поблиску ги регулираат областите во кои опшината е надлежна.

**Член 23**

Советот на Општината одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, а најмалку со една третина од вкупниот број на членови на Советот.

Гласањето на седниците на Советот е јавно освен ако Советот не одлучи за одделни прашања гласањето да биде тајно.

Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуват помалку од 20% од граѓаните  во Општината, утврдувањето и употребата

на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината.

**д) Вонредна седница на советот**

**Член 24**

Вонредна седница се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните, за прашања кои настанале поради вонредни околности (пожар, поплави, земјотреси и сл.) и при посета на делегација од друга земја кога истата сака да се обрати на членовите на Советот.

**Член 25**

Вонредната седница ја свикува претседа- телот на Советот по сопствена иницијатива, на предлог на најмалку 1/3 од членовите или на предлог на градоначалникот.

Поканата за седницата со предложениот дневен ред се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин.

Пред започнување со работа членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на седницата без материјална расправа.

**1.1. О**
**рганизација и работа на комисиите на општината**

**Член 26**

За претресување на прашања од своја надлежност Советот формира комисии.

Комисиите на Советот се формираат како постојани и повремени.

Со одлуката со која се формираат комисиите се утврдува и делокругот на нивната работа.

Мандатот на комисиите трае колку и мандатот на членовите на Советот.

**а) Комисии на Советот**

**Член 27**

Постојани комисии на Советот се:

- Статутарно-правна комисија;
- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Комисија за финансирање и буџет
- Комисија за урбанизам и заштита на животната средина;
- Комисија за комунални дејности;
- Комисија за јавни дејности;
- Комисија за награди и признанија и
- Комисија за полова рамноправност.

**б) Состав, избор и начин на работа на комисиите**

**Член 28**

Комисиите се составени од 5 члена, и тоа внатрешни-членови на Советот, и надворешни членови, докажани стручњаци во областа за која се формира Комисијата.

**Член 29**

Претседателот и членовите на комисиите ги избира Советот на Општината на предлог на Комисијата за мандатни прашања избори и именувања.

Предлогот за избор содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на работните тела.

Политичките партии кои партиципираат во Советот на Општината се пропорционално застапени во вкупниот број на членови на сите комисии.

**Член 30**

Начинот на работа на комисиите поблиску се утврдува со Деловникот на Советот на Општината

**в) Надлежност на комисиите**

**Член 31**

Комисиите на Советот на Општината:

- расправаат за прашања од областа за која се формирани;

- даваат мислења и предлози до Советот;

- ги разгледуваат и заземаат став за предлозите на градоначалникот, на членовите, на Советот и инцијативите на граѓаните од областа за кои се формирани.

**Член 32**

**Статутарна-правната комисија** го утврдува предлогот на Статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на Статутот, ја следи неговата

примена и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер, го утврдува предлогот на деловникот на Советот, подготвува предлог мислења по предлог законите кои се однесуваат на општината и разгледува и други општи акти од надлежност на Советот на Општината.

**Член 33**

**Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања** разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно имунитетните прашања, разгледува и подготвува предлози за избори, именувања и разрешувања од надлежност на Советот на Општината, како и ги разгледува и зазема став за предлозите за избори, именувања и разрешувања од надлежност на Советот на општината предложени од членови на Советот на самата седница, разгледува предлози за компензација и други примања на избрани и именувани лица, дава предлог за висината на надоместокот на патните и дневните трошоци на членовите на Советот на Општината, како и на трошоци направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на општината.

Претседателот и членовите на Комисијата ги избира Советот на Општината на својата прва седница.

**Член 34**

**Комисијата за финансирање и Буџет** ги разгледува прашањата во врска со финансиите и финансиското работење на општината, донесување на Буџет, завршна сметка, сите акти и други дејствувања во оваа област.

**Член 35**

**Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина** ги разгледува прашањата од урбанистичкото планирање, издавање на одобренија за градба на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште, како и прашањата од заштита на животната средина и природата-мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачко зрачење.

**Член 36**

**Комисијата за комунали дејности** ги разгледува прашањата од областа на комуналните дејности, како и прашањата од работата на јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија на општината.

**Член 37**

**Комисијата за јавни дејности** ги разгледува прашањата  од надлежност на општината, а кои се однесуваат на образованието, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, здраствената заштита, јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот како и противпожарната затита.

**Член 38**

**Комисијата за награди и признанија** разгледува предлози и му предлага на Советот доделување на награди и признанија на граѓани, организации и заедници кои се истакнале за развојот на општината во определна област или како израз на признание за развивање на соработка и пријателски односи со домашни и странски субјекти.

**Член 39**

**Комисијата за полова рамноправност** ги разгледува прашањата кои се однесуваат на рамноправноста меѓу половите во сите области од општествениот живот и дава мислења, предлози и сугестии за разрешување на проблемите и решавање на прашањата кои се однесуваат на оваа проблематика.

**Комисијата за полова рамноправност** работи врз основа на Програмата и препораките на Одделението за унапредување на половата рамноправност на Министерството за труд и социјална политика.

**1.2. Посебни тела на општината**

**а) Комисија за односи меѓу заедниците**

**Член 40**

Во општината се формира Комисија за односи меѓу заедниците.

Комисијата за односи меѓу заедниците ја сочинуваат подеднаков број на претставници од секоја заедница застапена во општина Желино.

Членовите на Комисијата за односи меѓу заедниците не можат да се избираат од редот на членовите на Советот.

**Член 41**

Одлуката за формирање на Комисијата за односите меѓу заедниците ја донесува Советот на Општина Желино на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања предлогот од став 1 на овој член го составува по претходно добиени предлози на полиичките партии застапени во Советот.

**Член 42**

Комисијата ги разгледува прашањата кои се однесуват на односите меѓу заедниците застапени во општината и дава мислења и предлози за начините на нивното решавање.

Советот на општината е должен да ги разгледа мислењата и предлозите на Комисијата и да одлучи во врска со нив.

**б) Совет за заштита на потрошувачите**

**Член 43**

Советот на општината за разгледување на прашања и утврдување предлози кои се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби основани од него, формира Совет за заштита на потрошувачите.

**Член 44**

Советот за заштита на потрушувачите е составен од 7 (седум) члена, од кои 3 (три) члена се избираат од редот на правните лица и 4 (четири) члена од редот на

физичките лица, како корисници на услугите што ги даваат јавните служби основани од општината.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите се избираат на предлог на Комисијата за мандатни прашања избори и имнување.

Мандатот на членовите трае 2 (две) години со можност повторно да бидат избрани.

**Член 45**

Советот за заштита на потрошувачите ја следи состојбата на квалитетот на услугите што ги даваат јавните служби, дава мислења и предлози за подобрување на квалитетот на услугите, организира јавни трибини, соработува со јавните служби и општинската администрација.

**в) Партиципативно тело од областа на урбанизмот**

**Член 46**

Во општина Желино се формира Партиципативно тело од областа на урбанизмот заради пренесување на ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица во процесот на урбанистичкото планирање, како и заради следење на состојбите и давање иницијативи, насоки и сугестии во процесот на планирање и изготвување плански решенија за општина Желино.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот се состои од 5 члена.

**Член 47**

Одлука за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот донесува Советот, на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања.

Членовите на Партиципативното тело од областа на урбанизмот се избираат:

- о
  д редот на членовите на Советот;
- п
  о предлог на урбаните и месните заедници;

- по предлог на здруженија на граѓани;
- здруженија на стручни лица од областа на урбанизмот и
- од општинската администрација

**Член 48**

Партиципативното тело од областа на урбанизмот работи на седници.

Седниците по правило се јавни.

Седниците ги свикува и со нив раководи претседателот на Партиципативното тело од областа на урбанизмот.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинството од вкупниот број членови.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот одлучува со мнозинството од вкупниот број членови.

На седницата можат да присуствуваат и учествуваат во работата градоначалникот и претседателот на Советот, без право на одлучување.

## 2. Градоначалник на општината

**Член 49**

Градоначалникот ја претставува и застапува општината.

Градоначалникот своите надлежности ги врши во рамките утврдени со закон и со овој Статут.

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со мандат од 4 (четири) години.

Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.

**Член 50**

Градоначалникот има право да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот, а по потреба и на седниците на комисиите на Советот, без право на одлучување.

Градоначалникот има обврска да присуствува на седниците на Советот кога на дневен ред е поставување на советнички прашања и на нив усмено или писмено да одговара.

Градоначалникот определува негови претставници, кои ке бидат присутни во работата на седниците на Советот и комисиите.

**Член 51**

Градоначалникот, по сопствена иницијатива и по барање на Советот, го известува Советот за извршувањето на поодделни работи од негова надлежност.

**Член 52**

Градоначалникот ги објавува прописите на Советот во “Службен гласник на општина Желино“.

Градоначалникот  го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот.

**Член 53**

Градоначалникот ја спроведува постапката за распишување на јавен конкурс и врши избор на директор на јавните служби и Општински институции согласно Законот.

**Член 54**

Градоначалникот е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на доставувањето на актот на Советот со решение да го запре неговото објавување доколку смета дека не е во согласност со Уставот и законите.

Примерок од образложеното решение за необјавување се доставува до претседателот на Советот на општината.

Советот е должен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на решението да го разгледа и да одлучи по него.

Ако Советот го потврди актот или не расправа во рокот од ставот 3 од овој член, Градоначалникот е должен да го објави актот и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставност и законитост на оспорениот акт пред Уставниот Суд на Република Северна Македонија.

За иницијативата Градоначалникот е должен да го информира Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

**Член 55**

Градоначалникот е должен да поднесе извештај за извршување на одлуките донесени од Советот два пати во годината.

За извршување на своите надлежности Градоначалникот го информира Советот по потреба, а најмалку еднаш пати во годината.

**Член 56**

Градоначалникот управува со сопственоста на општината како добар домаќин.

Во управувањето со сопственоста на општината градоначалникот е должен да презема мерки и да го обезбедува користењето на сопственоста во согласност со закон.

**Член 57**

За време на спреченост или отсуство до шест месеци Градоначалникот го заменува член на Советот на општината кој го назначува Градоначалникот.

Во рок од 30 (триесет) дена од денот на преземањето на функцијата Градоначалникот е должен со решение да го определи членот на Советот кој би го заменувал.

Решението од став 2 на овој член се објавува во “Службен гласник на општина Желино“.

За денот на настапувањето на спреченоста или отсуството Градоначалникот го информира претседателот на Советот.

На членот на Советот му мирува функцијата член на Совет за времето кога го заменува Градоначалникот.

**3. О**
**пштинска администрација.**

**Член 58**

За извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација.

Општината формира општински инспекторат заради вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност.

**Член 59**

Организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација ги утврдува Советот, врз основа на предлог на градоначалникот на општината.

Градоначалникот на општината, по добиената согласност од Агенцијата за државни службеници, донесува Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација.

**Член 60**

Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно-правни, извршни, управно надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

За вработувањето, правата и должностите, системот на плати, и надоместоци на плати, одговорноста, оценувањето и престанокот на работниот однос на вработените од ставот 1 на овој член ќе се применуваат одредбите од Законот за државните службеници.

За вработените во општинската админи- страција кои вршат административна-технички и помошни работи се применуваат одредбите од работното законодавство.

**Член 61**

При вработувањето, во општинската администрација и во јавни служби кои ги основала општината ќе се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници застапени во општината на сите нивоа, како и почитувае на критериумите на стручност и компетентност.

**Член 62**

Општинската администрација:

1. Г
и подготвува актитие за Советот и градоначалникот.

2. Г
и подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии.

3. В
рши стручни работи за Советот и градоначалникот.

4. Г
о води сметководството на општината, финансиското работење, администрирање со општинските приходи и други работи во согласност со закон.

5. Ј
а следи проблематиката во области од надлежност на општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање.

6. Доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на Закон.

7. Ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Северна Македонија и

8. Врши и други работи што ќе и ги определи Советот и градоначалникот.

## IV. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### а) Општи акти

#### Член 63

**Статутот** е основен акт на општината со кој се утврдуваат основните прашања во врска со организацијата и работата на општината и други прашања од значење за општината.

Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како **нацрт-Статут и предлог-Статут.**

Статутот на општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот на општината.

#### Член 64

Советот на општината донесува Деловник на Советот, одлуки, планови и програми, решенија, заклучоци, други акти и дава мислење и утврдува насоки.

#### Член 65

Со **Деловникот** на Советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите комисии, постапките за одлучување и односите со другите органи.

Деловникот на Советот на општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот на општината.

**Член 66**

Со **одлука** на Советот се уредуваат работите од локално значење од надлежност на општината.

Со одлука на Советот на Општината, се основа општинска администрација, се уредува начинот на нејзиното работење и се основаат јавни служби.

Со одлука Советот уредува и други прашања од своја надлежност.

**Член 67**

Советот донесува **заклучоци** кога  разгледува извештаи, информации и анализи.

Советот дава мислење и утврдува насоки за извршување на прописите и другите акти што ги донесува Советот на Општината.

**Член 68**

Советот донесува **планови и програми** за работа на јавните служби кои ги основала, за работата на општинските основни и средни училишта и на општинските установи за детска заштита и други јавни институции.

**Член 69**

Постапката за донесување на општи акти се уредува со Деловникот на Советот на општината.

Општите и други акти се објавуваат во “Службен гласник на Општина Желино“.

Општите акти стапуваат во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето.

По исклучок ,актита можат да стапат во сила и со денот на објавувањето, ако се работи за акт чие извршувањ е итно.

Итноста на објавувањето на актот ја образлага предлагачот.

**а) П**
**оединечни акти**

**Член 70**

Советот и Градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат **поединечни акти.**

Советот донесува решенија кога врши избор и именување.

За решавање на поединечни права, обврски и интереси на правни и физички лица, градоначалникот на општината донесува решенија.

**Член 71**

Градоначалникот на општината е должен во рок од 7 (седум) дена од денот на донесувањето на актите да ги објави во “Службен гласник на Општина Желино“.

**Член 72**

За објавените акти се води посебна збирка.

Граѓаните во секое време имаат право на пристап (увид) во збирката на актите.

## V. ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

### а) Информирање на граќаните

### Член 73

Органите на општина Желино, комисиите на Советот на општина Желино и јавните претпријатија и установи основани од општината ги информираат граѓаните за одлуките и своите активности кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните се информираат за:

- прописите кои ги донесува Советот на општина Желино ;
- начинот и условите за остварување на нивните права;
- обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежностите на општината;
- плановите, проектите и програмите кои се во подготовка, а кои се од значење за развојот на општината ;
- услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивното добивање;
- приходите кои се остваруваат во општината и начинот на нивната распределба и трошење;
- јавните набавки;

- именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија и установи;
- други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

**Член 74**

Информирањето на граѓаните се врши редовно, без надоместок, преку:

- издавање службен гласник на општината;
- издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;
- објавување на публикации;
- информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од општината;
- огласни табли( во простории на општината,јавните претпријатија и установи, месната самоуправа);
- веб сајт;
- јавни трибини;
- средства за јавно информирање и
- на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста.

**Член 75**

Информирањато на граѓаните се врши на службените јазици кои се во употреба во општина Желино македонскиот и албанскиот јазик.

**б) Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 76**

Во општина Желино се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на општината Советот и Градоначалникот, (јавните претпријатија и установи основани од општината и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања доверени од општината*во натамошниот текст: иматели на информации).

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

**Член 77**

За информации со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап до имателите на информации востановуваат и водат листа на информации која се објавувана начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап и начинот на слободен пристап до информациите, граќаните се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно на секои три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на општината ја предлага градоначалникот, а ја утврдува Советот.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од општината ја утврдува Управниот одбор на предлог на директорот.

**Член 78**

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на општина Желино создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат Советот на општината и Градоначал

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основана од општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат согласно статутот на претпријатието и установата.

**Член 79**

Слободен пристап до информациите со кои располагаат имателите на информации имаат сите домашни и странски правни и фиѕи;ки лица ( во натамошниот текст; барател на информацијата).

Слободниот пристап до информациите се остварува во законски утврдениот рок:

- с
о увид во документите со кои располага имателот на информацијата;

- с
о добивање препис, фотокопија или електонски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службеното лице.

**Член 80**

Барателот на информацијата за иѕвршениот увид или добиениот препис, фотокопија или електонски запис од информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци, утврдени на начин уреден со закон.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 81**

Барателот на информацијата има право на жалба до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер доколку имателот на информацијата не му ја достави бараната информација.

**Член 82**

Советот на Општина Желино усвојува годишен извештај за остварување на правото на слободен пристап до информациите во минатата година во општината.

Годишниот извештај за остварување на правото на слободен пристап до информации го подготвува Градоначалникот на општината и го доставува до Советот најдоцна до 31 јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира општина Желино.

Извештајот од став 1 по усвојувањето се доставува до надлежниот орган за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## VI. О БЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНАТА

**а) Граѓанска иницијатива**

**Член 83**

Граѓанска иницијатива на локално ниво се покренува пред Советот на општината на предлог на најмалку 100 граѓани, за решавање на прашања за кои е надлежен да одлучува Советот и за донесување на одреден пропис на општината.

Граѓанска иницијатива на локално ниво не може да се покрене за кадровски и финансиски прашања.

**Член 84**

Граѓанска иницијатива на локално ниво се спроведува преку давање потписи од страна на граѓаните, а се смета за покрената доколку со потписи ја поддржале најмалку 10% од граѓаните на општината запишани во Избирачкиот список.

Потписите граѓаните ги даваат пред органот на државната управа надлежен за евиденција на избирачкото право.

Образецот со потписите на граѓаните овластениот предлагач го предава на претседателот на Советот најдоцна во рок од 3 дена од денот на завршувањето со давањето на потписите.

Предлогот за покренување на граѓанска иницијатива на локално ниво поднесен од овластен предлага првиот потписник на предлогот за покренување на граѓанската иницијатива се доставува до претседателот на Советот на општината.

**Член 85**

Доколку претседателот на Советот во рок од 3 дена од добивањето на предлогот утврди дека предлогот за покренување на граѓанска иницијатива на локално ниво е уреден поднесен од овластен предлагач и се однесува за прашање за кое е надлежен да одлучува Советот, во рок од 3 дена за тоа го известува овластениот предлагач.

Доколку претседателот на Советот утврди дека иницијативата е неуредна, прашањето во врска со иницијативата ке го стави на дневен ред на првата наредна седница на Советот, но не подоцна од 15 дена од денот на утврдувањето на неуредноста.

**Член 86**

Советот со заклучок утврдува дали иницијативата е уредна и во рок од 3 дена од донесувањето за заклучокот на Советот го известува овластениот предлагач.

**Член 87**

Советот на општината е должен во рок од 30 денапо приемот на предлогот да одлучува за прашањето покренато со граѓанската иницијатива и за одлуката да ги информира граѓаните преку средствата за информирање на начин утврден со овој Статут.

**б) Собир на граќани во општината**

**Член 88**

Собир на граѓани во општината може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месната самоуправа за која се однесува прашањето.

На собирот на граѓани право да одлучуваат имаат граѓаните со живеалиште на подрачјето на кое се организира собирот.

**Член 89**

Собирот на граѓани во општината граѓаните се свикува заради изјаснување на граѓаните за одделни прашања од значење за месната самоуправа и заради покренување на иницијатива за решавање на прашања од локално значење.

На собирот на граѓани граѓаните разгледуваат прашања, заземаат ставови и изготвуваат предлози за прашања од непосредно и секојдневно значење за животот и работата на граѓаните од подрачјето на општината односно месната самоуправа.

**Член 90**

Собирот на граѓани го свикува градоначалникот на општината по сопствена иницијатива, на барање на Советот или на барање од најмалку 10% од избирачите запишани во избирачкиот список на општината односно на месната самоуправа за која е свикан собирот.

**Член 91**

Барањето за свикување собир на граѓани се поднесува до градоначалникот на општината и тој во рок од 30 дена од приемот е должен да донесе одлука за свикување на собир на граѓани.

Барањето ги содржи потребните потписи на граѓаните кои се запишани во избирачкиот список за подрачјето за кое се свикува собирот.

**Член 92**

Информирањето на граѓаните за одржувањето на собирот на граѓани се врши преку средствата за информирање на начин утврден со овој Статут.

**Член 93**

Во одлучувањето на собирот на граѓани учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Заклучоците на собирот на граѓани се донесуваат со мнозинство гласови од присутните граѓани на собирот.

**Член 94**

Собирот на граѓани го води Градоначалникот или од него овластено лице од општинската администрација.

За прашањето за кое се расправа на собирот известува Градоначалникот или, по потреба, од него овластени други претставници од општинската администрација.

**Член 95**

Заклучоците кои се усвојуваат на собирот на граѓани органите на општината се должни да ги разгледаат во рок од 90 дена и да ги земат во предвид при одлучувањето и донесувањето на решенија за прашањата на кои се однесуват, а за истите да ги информираат граѓаните.

**в) Референдум**

**Член 96**

Референдум на локално ниво распишува Советот на општината по сопствена иницијатива и на предлог на најмалку 20% граѓани од општината.

Советот може да распише референдум за прашања од негова надлежност за кои со закон е овластен да одлучува.

**Член 97**

Барањето за распишување на референдум се доставува до Советот на општината заедно со потписите на избирачите дадени пред надлежниот орган кој води евиденција за изборачкото право на граѓаните на општината.

**Член 98**

Советот не може да распише референдум за прашања што се однесуваат на Буџетот и завршната сметка на општината и за организацијата на општинската администрација.

Референдум на локално ниво не може да се распише за прашања кои Советот ги усвојува со Бадинтерово мнозинство.

**Член 99**

Одлуката за распишување на референдум содржи :

- органот што го распишува референдумот;
- територијата или подрачјето за кое се распишува;
- назив на прописот или прашањето за кое се одлучува, со образлочение.

**Член 100**

Одлуката за распишување на референдум се објавува во „Службен гласник на општина Желино" и во другите средства за јавно информирање во општината.

Од денот на распишувањето на референдумот до денот на одржувањето не може да поминат помалку од 25 ниту повеќе од 40 дена.

**Член 101**

Право да гласаат на референдумот имаат граѓаните со избирачко право.

Референдумот го спроведува Општинската изборна комисија и избирачките одбори.

**Член 102**

Општинската изборна комисија:

- с
е грижи за законито подготвување и спроведување на референдумот;

- г
  и именува претседателот и членовите на избирачките одбори и им дава упатства за работа;

- г
  и пропишува обрасците за спроведување на рефедендумот;

- г
  и урврдува и објавува резултатите од гласањето и

- в
  рши и други работи утврдени со закон.

## Член 103

За спроведување на гласањето на референдумот, Општинската изборна комисија формира избирачки одбори, најдоцна 5 ( пет ) дена пред денот предвиден за одржување на референдумот.

Одборите ја спроведуваат правилноста и тајноста на референдумот.

## Член 104

За ден на одржување на референдумот се определува ден недела, а започнува во 7,00 часот и трае до 19,00 часот.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список, гласањето може да заврши и пред истекот на времето определено за гласање.

## Член 105

Покрај одлуката за распишување на референдум на гласачкото место мора да биде на соодветен начин изложено прашањето, односно називот на прописот за кој се одлучува.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил на гласање , по негово барање да му дадат објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласање.

**Член 106**

Секој граѓанин на референдумот има право само на еден глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

**Член 107**

На референдумот се гласа со гласачко ливче.

Гласачкото ливче го содржи прашањето што е предмет на референдумското изјаснување, упатството за начинот на гласање и сериски број.

Прашањето на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено така што граѓанинот да може да одговори со „ЗА„ или „ПРОТИВ„.

**Член 108**

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот „ЗА„ или „ПРОТИВ„ .

Кога се гласа за повеќе прашања, за секое прашање се гласа на посебно гласачко ливче.

**Член 109**

По завршувањето на гласањето, избирачкиот одбор го утврдува резултатот од гласањето на гласачкото место и за тоа составува записник.

Записникот и целокупниот гласачки материјал во рок од три часа по завршувањето на гласањето се доставува до Општинската изборна комисија.

**Член 110**

Комисијата за спроведување на референдумот врз основа на примениот гласачки материјал од сите гласачки места го утврдува зултатот од референдумот и составува записник.

Записникот и целокупниот гласачки материјал во рок од дванаесет часа по приемот од избирачките одбори, го доставува до Државната изборна комисија.

**Член 111**

Одлуката на референдумот се смета за донесена ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во изводот од избирачкиот список.

Одлуката донесена на референдум е задолжителна за Советот и по неа треба да постапи во рок од 60 дена по добивањето на резултатите.

**Член 112**

Референдум за истото прашање не може да се повтори пред истекот на рокот од две години од денот на одржувањето на референдумот.

**г) Јавни трибини, анкети и предлози**

**Член 113**

Органите на општината при донесувањето на акти од својата надлежност претходно можат да организираат јавна трибина, да спроведат анкети или да побараат предлози од граѓаните.

Јавна трибина се организира кога се донесуваат акти за прашања од локалниот економски развој, комунални потреби (водоснабдување, одржување на јавна чистота, одржување на локални патишта и улици) и други прашања од пошироко локално значење;

Анкета се спроведува при донесување на урбанистички планови и други прашања од локално значење;

Прибирање предлози од граѓаните за решавање на прашања од локално значење. ќе се врши преку објавување на соопштение со кое ќе се повикаат граѓаните да даваат свои предлози.

Постапката, начинот и времето на преземање на една од наведените активности од ставот 1 на овој член, ќе се уреди со одлука донесена од органот кој ја организирал.

Сите граѓани, поединечно или групно имаат право да доставуваат претставки и предлози кои се однесуваат на работата на Советот на општината, на Градоначалникот на општината и општинската администрација.

Претставките и предлозите се поднесуваат до градоначалникот, во писмена форма или усно на записник.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

**Член 113-а**

Градоначалникот и Советот на општина Желино,по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во ставот 1 од овој член, може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни

и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на општина, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на општината, одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата, се уредува со Правилник, што го донесува Советот на општината, по предлог на Градоначалникот.“

**Член 114**

Подносителот не смее да трпи штетни последици поради поднесување на претставка, ниту поради тоа може да биде повикан на одговорност.

**Член 115**

Постапувањето по претставките и предлозите опфаќа прибирање на податоци, известувања и мислења за околностите што се од значење за правилно оценување на претставката, како и преземање на потребни мерки за отстранување на повредата на правото на подносителот или повреда на јавните интереси.

### Член 116

Градоначалникот на општината е должен најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот на подносителот да му достави образложен одговор.

Ако претставката или предлогот не се однесуваат на работата од надлежност на органите на општината, градоначалникот ги доставува до соодветниот надлежен орган и за тоа го известува подносителот.

## VII. С
## ОПСТВЕНОСТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНАТА

**а) С**
**опственост**

### Член 117

Сопственоста на општината ја сочинуваат неподвижни и подвижни ствари, парични средства и права.

Сопственоста  општината ја стекнува од сопствени извори на приходи, по пат на финансирање од граѓаните или со нивно учество на друг начин, од подароци и по други основи.

### Член 118

За купување, отѓување и оптоварување на сопственоста на општината одлучува Советот на општината.

Стварите во сопственост на општината можат да се дадат на користење на други субјекти по пат на јавно наддавање, во согласност со закон.

Оттуѓување на сопственоста на општината се врши само по пат на јавно надавање, согласно закон.

Општината ја евидентира својата сопственост и нејзината проценка се искажува во годишната сметка.

**Член 119**

Продажната цена на стварите не смее да биде помала од нивната пазарна вредност.

Средствата добиени од продажбата на стварите може да се инвестира само за стекнување на нови или реконструкција на постојни ствари во сопственост на општината.

**б) Ф инансирање**

**Член 120**

Општината се финансира од сопствени извори на приходи, дотации од средствата на Буџетот на РСМ и од буџетите на фондовите како и од други извори определени со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Финансирањето и финансиската работа на општината во општо се уредува со посебни закони од оваа област.

**Член 121**

Приходите и трошоците на општината се утврдуваат со Буџетот на општината.

Буџетот на општината содржи биланс на приходите и трошоците на Буџетот, а се однесува за фискална година од 12 (дванаесет) месеци која почнува од 1-ви јануари, а завршува на 31-ви декември од секоја календарска година.

**Член 122**

Предлогот на Буџетот на општината го утврдува Градоначалникот и го доставува до Советот на општината за **усвојување** не подоцна од средината на месец ноември.

Советот на општината не може да го разгледува предлогот на Буџетот на општината пред истекот на 20 (дваесет) дена од денот на доставувањето до советниците на Советот на општината.

**Член 123**

Советот на општината донесува одлука за секоја промена на Буџетот на општината, за дополнително усвоени трошоци пропратена со мерки што ќе ги зголемат предложените приходи или ќе ги намалат другите трошоци во сразмерен износ.

**Член 124**

За покривање на непредвидените барања за трошоци кои ќе се појават во текот на Буџетската година, од вкупните тековни и капитални трошоци се издвојува Буџетска резерва во висина утврдена со закон.

За користење на средствата од буџетската резерва одлучува Советот на општината по предлог на градоначалникот на општината.

Советот на општината со одлука може да го овласти градоначалникот за начинот на користење на буџетската резерва.

**Член 125**

Доколку Буџетот на општината за наредната година не биде донесен до 31-ви декември во тековната година, се постапува согласно со Законот за буџетите и се воведува времено финансирање и тоа најдолго за 6 (шест) месеци.

**Член 126**

На крајот на секоја фискална година се изготвува годишна сметка на Буџетот на општината.

Годишната сметка на Буџетот, Советот на општината треба да ја усвои најдоцна до 31-ви март во тековната година, за предходната година.

**Член 127**

Извршувањето на Буџетот на општината го врши градоначалникот, а **извршувањето** поконкретно се уредува со **Одлуката за извршување на буџетот на општината**.

### Член 128

Финансирањето на надлежностите на општината и финансиското работење се уредени со посебни закони.

## VIII. МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА

### Член 129

Граѓаните во општината одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа и преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овај Статут.

### Член 130

Во општината како облици на месна самоуправа се основаат месни заедници.

### Член 131

Обликот на месна самоуправа - се основа за подрачје согласно урбанистичкиот план на Општината, а подрачје за кое се основаат месните заедници се границите на катастарската општина на населеното место.

### Член 132

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните-жители на подрачјето на кое постои интерес за основање на облик на месна самоуправа.

### Член 133

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара основање на обликот на месната самоуправа, образложение на потребите за основање и потписи на заинтересираните граѓани.

Иницијативата за основање се доставува до Советот на општината кој истата ја разгледува и оценува дали се исполнати условите и дали се основани потребите за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 134**

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање, со мнозинство гласови од присутните граѓани на Собирот.

Собирот на граѓани од претходниот став на овој член го свикува Градоначалникот на општината во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката.

**Член 135**

Граѓаните преку облиците на месната самоуправа, во согласност со овај Статут и одлуките за основање се грижат за:

- решавање на прашања од комунална инфрастуктура за соодветното подрачје;
- изградба и одржување на објекти од јавен интерес (водоводи, улици, културни домови, спортски објекти и др.);
- заштита на животната средина и природата;
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби;
- покренување иницијатива за уредување на просторот;
- организирање културни, спортски, забавни и други манифестации и

- д

руги работи од непосредно значење за животот и работата на граѓаните.

Советот на облиците на месната самоуправа дава иницијативи и предлози до надлежните органи на општината, за прашања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

**Член 136**

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот го избираат граѓаните на обликот на месната самоуправа на Собир на граѓани со јавно гласање, доколку Собирот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот е составен од 3 (три) до 7 (седум) члена.

Мандатот на членовите на Советот трае 4 (четири) години.

**Член 137**

Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако одлуката од став 1 на овај член не се донесе во утврдениот рок, одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува градоначалникот на општината во рок од 15 дена.

**Член 138**

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот се врши на Собир на граѓани.

За утврдени се сметаат кандидати кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на Собирот.

**Член 139**

За избрани членови на Советот се сметаат кандидати кои добиле мнозинство односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

### Член 140

Советот од своите членови избира претседател кој го преставува и застапува обликот на месната самоуправа.

Советот донесува правила со кои се уредува работата на обликот на месната самоуправа како и Програма за работа, по претходно мислење на Советот на Општината.

### Член 141

Градоначалникот на Општината со решение може да му делегира на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа вршење на определена работа од непосреден интерес и секојдневно значење за животот и работата на жителите.

Со решението се определува Одделението надлежен за месната самоуправа да ја спроведува постапката за делегирање на надлежноста и да го врши надзорот над извршувањето на работите од ставот 1 на овој член.

За вршење на надзорот над извршувањето на надлежноста, зависно од обласа на која и припаѓа делегираната надлежност, ќе се формира посебно работно тело.

Средствата потребни за извршување на работите, од ставот 1 на овај член се утврдуваат во решението за делегирање на надлежноста.

Сите плакања поврзани со вршењето на работите делегирани на претседателот на Советот на обликот на месната самоуправа се вршат преку жиро-сметката и печатот на градоначалникот на општината.

### Член 142

**Одделението надлежен за месната самоуправа** ги врши стручните, административно-техничките работи и ја координира работата во општинската администрација за потребите на обликот на месната самоуправа.

Општинската администрација врши контрола над трошењето на средствата што ќе бидат пренесени за извршување на делегираните надлежности.

## IX. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА

**Член 143**

Во воена состојба органите на општината:

-Продолжуваат да ги извршуваат работите утврдени со закон и презамаат мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.

-организира и спроведува подготовки за фумксионирање на Локалната самоуправа во војна состојба.

**Член 144**

Општината се подготвува за извршување на работите утврдени во претходниот член преку:

- планирање и организирање на мерки за заштита и спасување;
- формирање единици и штабови за цивилна заштита во согласност со закон и прописите засновани на закон;
- обучување за одбрана, односно вклучување во активности за стекнување на неопходни воено-стручни и други знаења за учество во одбраната;
- преземање мерки, активности и постапки за заштита и чување на тајноста на податоците, информациите и документите од областа на одбраната, во согласност со закон и
- координација и соработка со другите општини.

## X. УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ И ПИСМАТА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО

**Член 145**

На подрачјето на Општина Желино службени јазици се:

- македонскиот јазик и неговото кирилско писмо,

- албанскиот јазик и неговото латинско писмо.

**Член 146**

Имињата на населените места во Општината, натписте на јавните служби и установи, натписите на културните и образовните установи, натписите на претпријатијата и другите јавни натписи и нивнити општи и посебни акти, како и кооресподенцијата за општење со граѓаните и другите субјекти се пишуваат на македонски и албански јазик и на нивните писма.

**Член 147**

Натписите на културните и образовните установи кои единствено служат за развивање и унапредување на културните и образовните цели на националностите, покрај на македонски и албански јазик и нивните писма се пишуваат и на јазикот и писмото на соодветната националност.

## XI. Н АЧИН И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА

**Член 148**

Грботи знамето на општината се утврдуваат со одлука на Советот на општината.

За утврдување на грбот и знамето на општината, Советот на Општината распишува конкурс и образува комисија.

**Член 149**

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме на Општината и го доставува до Советот на Општината на усвојување.

**Член 150**

Советот на Општината одлучува по предлогот на Комисијата со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот, при што мора да има мнозинство гласови од присутните членови на Советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината.

Одлуката на Советот за утврдување на грб, односно знаме на општината е составен дел на Статутот на Општината.

**Член 151**

Грбот на општината се употребува во состав на печатот на општината.

Грбот на општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користи Советот и градоначалникот на Општината.

**Член 152**

Советот на Општината може да одобри употреба на грбот на Општината на физички и правни лица, ако оцени дека е во интерес на општината.

**Член 153**

Знамето на Општината се истакнува на зградата на Општината и на видни места во Општината.

Знамето на Општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или е презентирана Општината.

**Член 154**

Грбот и знамето на општината не смеат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

## XII. ЗАШТИТА НА ОПШТИНАТА

**Член 155**

Иницијатива за оцена на уставноста на законите и уставноста и законитоста на општите акти на Министерствата и други органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и законите, може да поднесат Советот односно Градоначалникот на Општината до Уставниот Суд на Република Северна Македонија.

**Член 156**

Градоначалникот на Општината има право да бара судска заштита пред надлежните судови кога на Општината и се попречува вршење на дадените надлежности со Устав и закон, со акти и активности на органите на државната управа и на Владата на Република Северна Македонија.

## XIII. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

**Член 157**

Измени и дополнувања на Статутот на Општината можат да предложат најмалку 1/2 од членовите на Советот на Општината, градоначалникот на општината или најмалку 10% од избирачите во општината.

**Член 158**

Одлука за пристапување кон измени на Статутот донесува Советот на Општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

**Член 159**

Измените на Статутот на Општината се донесени ако за нив гласале мнозинство од членовите на Советот на Општината.

## XIV. П РЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 160

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Општина Желино (“Службен гласник на Општина Желино“, бр.10/06), Одлука бр.07-644/3 од 27.10.2006 год., Статутарна Одлука за дополнување на Статутот на Општина Желино(“Службен гласник на Општина Желино“, бр.2/10), Одлука бр.07-200/3 од 25.02.2010 год., Статутарна Одлука за измена и допонување на Статутот на Општина Желино, Одлука бр.08-845/21 од 17.06.2015 и Статутарна Одлука за измена и допонување на Статутот на Општина Желино(“Службен гласник на Општина Желино“, бр.07/19 и Одлука бр.08-640/3 од 17.06.2019 год.

### Член 161

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Желино“.

| | |
|---|---|
| Бр.08-709/5 | Советот на општина Желино |
| 04.07.2019. | Претседател |
| Желино | Лиридон Усеини |